Врз основа на член 55 став (1) со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), член 41 – в став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и член 199 став (4) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерот за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ИЗБОР И ПОДГОТОВКА НА ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА, ЗА УПАТУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТИ ВО КОМАНДНИТЕ СТРУКТУРИ НА НАТО, ДИПЛОМАТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА НА РЕПУБЛИКАТА, КОМАНДИ, ШТАБОВИ И ВОЕНИ ЕДИНИЦИ НА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ НАДВОР ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата) и вработените во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството), за упатување на должност во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународните организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, правата и обврските за време на извршување на должноста, враќањето од должност, продолжување на извршување на должноста и предвременото враќање од должност.

### Член 2

За потребите на овој правилник, одделни поими го имаат следното значење:

„Меѓународна должност" е: должност во Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО, во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.

„Лице на должност во странство и на територијата на Републиката" е: лице вработено во Министерството, како и воен и цивилен персонал на служба во Армијата, кое се упатува на должност во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.

„Мандат на лице упатено на меѓународна должност" е: периодот на упатување на лицата вработени во Министерството и Армијата, избрани за меѓународна должност за период од три до четири години во постапка спроведена по претходно објавен Интерен оглас.

„Индикативен период на упатување" е: периодот од датумот на очекуваното стапување

на должност до датумот на очекуваното враќање на лицето од должност во странство и на територијата на Републиката.

Член 3

Лицата упатени на меѓународна должност ги извршуваат своите должности во местото на работа во земјата примател, односно на територијата на Републиката, согласно актите за систематизација на работни места на Министерството, актот за формација на Армијата и актите на формација на командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации во странство и на територијата на Републиката.

Член 4

Мандатот на лицата упатени на должност надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, во исклучителни случаи може да се продолжи за уште една година, доколку поинаку не е решено со интерни процедури во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации во странство и на територијата на Републиката.

Министерот за одбрана, поради потребите на службата може по исклучок да упати лица на должност надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, без објавување на Интерен оглас, за време до две години.

Упатувањето на лицата од став 2 на овој член, не може последователно да се повтори.

## II. НАЧИН НА ИЗБОР ЗА УПАТУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТ

Член 5

Лице може да се упати на меѓународна должност по спроведување на постапка по објавен Интерен оглас или, по исклучок, за период до две години, со решение кое го донесува министерот за одбрана.

Интерниот оглас го изработува организационата единица на Министерството надлежна за управување со човечки ресурси, а по претходно добиени информации од организационата единица надлежна за меѓународна соработка, Генералштабот на Армијата или меѓународните организации, штабови, команди во чиј состав се наоѓа меѓународната позиција од интерес.

Интерен оглас распишува министерот за одбрана или од него овластено лице.

Интерниот оглас се објавува најдоцна шест месеци пред индикативниот период за упатување.

Заради потребите на службата, Интерниот оглас може да се објави и по итна постапка, со тоа што спроведувањето на постапката ќе биде во целост согласно одредбите на овој правилник.

Интерниот оглас содржи најмалку: - назив на работното место, односно меѓународната должност и назив на одделот во Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО, командната структура на НАТО, дипломатското претставништво на Републиката, командата, штабот и воената единица на меѓународната организација во странство или на територијата на Републиката; звање или чин; времетраење на упатувањето; општите и посебните услови, како и документите потребни за пријавување и датумот за објавување.

Интерниот оглас се објавува на огласната табла во Министерството и се доставува до сите организациони единици на Министерството, командите и единиците на Армијата и

на веб страната на Министерството.

Член 6

За упатување на меѓународна должност надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, може да се пријави лице доколку ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да не е осудуван за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку шест месеци, односно за кривично дело во врска со службената должност, или за друго кривично дело што го прави недостоен за претставување на Републиката,
- против него да не е изречена дисциплинска мерка за дисциплински престап во последните три години од вршењето на службата,
- да не му е изречена казна, забрана на вршење на професија, дејност или должност,
- доколку лицето - кандидат е административен службеник, да биде службено оценето со најмалку оценка „Б“, односно втора по висина оценка во последните две години пред упатувањето,
- доколку кандидатот е лице на служба во Армијата, да биде оценет најмалку со службена оценка „се истакнува“ по четирите критериуми и позитивна оценка од физичките проверки во последните две години пред упатувањето (доколку подлежи на истите),
- да има општа здравствена и психофизичка способност, која ја потврдува со лекарско уверение не постаро од една година, издадена од овластена медицинска установа, односно со наод и оценка од единицата за медицинска поддршка во Армијата,
- на денот на упатувањето да поседува соодветен безбедносен сертификат,
- активно да го познава англискиот јазик и истото да го докаже со соодветен сертификат во моментот на аплицирање, а лицата кои не поседуваат валиден СТАНАГ 6001 сертификат, ќе се упатат на тестирање заради проверка на степенот на познавање на англискиот јазик според наведениот стандард,
- да ги исполнува општите и посебните услови утврдени со Интерниот оглас во зависност од меѓународната должност на која се упатува,
- на денот на индикативното упатување да поминале најмалку 24 месеци, од денот на завршување на претходниот мандат.

Доколку на Интерниот оглас се пријават кандидати кои се исто рангирани, предност при изборот ќе имаат оние кандидати кои:

- имаат познавање на втор странски јазик различен од англискиот и тоа еден од процедуралните јазици на Европската унија на ниво еквивалентно на нивото Б1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат,
- имаат познавање на службениот јазик на земјата на приемот, на ниво еквивалентно на нивото А1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат, ако службениот јазик на земјата на приемот е различен од јазикот од став 2 алинејата 1 на овој член, и
- поседуваат работно искуство во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународните организациии, на работи и задачи односно должности од областа на која се упатуваат на должност.

Член 7

Рокот за пријавување на Интерниот оглас е десет работни дена од денот на објавување на огласот.

Пријавите по Интерниот оглас се доставуваат преку деловодството на Министерството до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси заради спроведување на постапката.

Член 8

Постапката ја спроведуваат Комисија за административна селекција и Комисија за интервју и рангирање, формирани со решение на министерот за одбрана.

Комисијата за административна селекција е составена од претседател, двајца членови и нивни заменици и секретар, кои ги определува министерот за одбрана.

За текот на работата на Комисијата за административна селекција се води записник.

Член 9

Организационата единица за човечки ресурси во рок од пет работни дена до Комисијата за административна селекција ги доставува пријавите со сите документи од досиеата на пријавените кандидати.

Комисијата за административна селекција е должна административната селекција да ја заврши во рок од седум дена од добивањето на документите.

Комисијата за административна селекција ги разгледува пријавите и доставените документи од кандидатите, документите од досиеата на пријавените кандидати, основа на барање доставено од претседателот на Комисијата до организационите единици на Министерството и Генералштабот надлежни за управување со човечки ресурси.

По извршената административна селекција, Комисијата за административна селекција утврдува листа на кандидати кои ги исполнуваат условите утврдени во Интерниот оглас и истата со соодветен записник и пропратна документација ја доставува до Комисијата за интервју и рангирање.

Член 10

Комисијата за интервју и рангирање е составена од Државниот секретар и раководителите на организационите единици за меѓународна соработка, човечки ресурси и секцијата за персонал (Ј-1) на Генералштабот на Армијата. Членовите на Комисијата за интервју и рангирање, вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите поставени во Интерниот оглас. Секој член на Комисијата за интервју и рангирање и анонимно ги оценува кандидатите, за што дава писмено образложение за рангираните кандидати.

Во зависност од природата и специфичностите на меѓународната должност, Комисијата за интервју и рангирање на предлог на претседателот на комисијата, може да повика стручно лице од областа за потребите на интервјуто. Стручното лице ги оценува вештините и знаењата на стручниот дел од интервјуто на секој кандидат за меѓународната должност поединечно, со оценка од еден до четири, при што оценката еден означува најниско ниво на вештини и знаења. Ангажманот на стручното лице се верификува во записник.

Комисија за интервју и рангирање, прави сублимат од оценките, рангирање на кандидатите и во рок од 15 (петнаесет) дена, доставува предлог до министерот за одбрана. Предлогот мора да биде образложен, имајќи ги во предвид условите од огласот: знаењето, работната способност, владеењето на бараните странски јазици, вештините и применетото искуство.

Министерот за одбрана може да спроведе дополнителен интервју со дел или со сите кандидатите предложени од страна на Комисијата за интервју и рангирање.

Министерот за одбрана донесува одлука за избор на лице за упатување на

меѓународната должност, која е конечна.
Одлуката од став 5 на овој член, се објавува на огласната табла на Министерството, на веб страната на Министерството и се доставува до пријавените кандидати и до организационите единици кои имаат обврски во процесот на подготовките и упатувањето на лицето на работа во странство или на територијата на Републиката.

Член 11

Доколку член на Комисијата за административна селекција и Комисијата за интервју и рангирање, или член на неговото поблиско семејство се пријави на Интерниот оглас за меѓународната должност, истиот има обврска да поднесе барање за изземање од работата на двете комисии за местото, односно должноста за која се врши избор.
За поблиско семејство се сметаат лица од брачна или вонбрачна заедница, роднини по крв до четврти степен или роднини по сватовство до втор степен со членовите на комисиите од став 1 на овој член.

Член 12

Одредбите од овој правилник за начинот на избор и подготовка за упатување на должност, правата и обврските за време на извршување на должноста, враќањето од должност, продолжување на извршување на должноста и предвременото враќање од должност, ќе се применуваат и за одбранбените аташеа, воениот претставник во НАТО и за офицерите со генералски чин, со тоа што:
- по завршување на постапката за избор пред Комисијата за административна селекција и Комисијата за интервју и рангирање и доставеното мислење-предлог до министерот за одбрана, министерот за одбрана доставува предлог до Претседателот на Републиката и бара согласност за продолжување на постапката за должностите наведени во став 1 од овој член,
- по добивањето на позитивно мислење од Претседателот на Републиката, Министерството за одбрана преку Министерството за надворешни работи, доставува барање за добивање на согласност од државата на прием,
- по добивањето на согласност од државата на прием за лицето кое се упатува на меѓународна должност надвор од територијата на Републиката, министерот за одбрана со писмо го известува Претседателот на Републиката и предлага донесување на Указ од Претседателот, и
- во случај на недобивање на согласност од Претседателот и/или во случај на неможност од постигнување на консензус меѓу министерот за одбрана и Претседателот на Републиката, Интерниот оглас се поништува и постапката се повторува.

Член 13

Министерот за одбрана може да донесе решение за поништување на Интерниот оглас, на предлог на Комисијата за интервју и рангирање, доколку:
- на Интерниот оглас не се пријави ниту еден кандидат,
- ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува условите од огласот,
- по спроведеното интервју и дополнителните проверки, ниту еден кандидат не покаже задоволително ниво на знаења, вештини и способности потребни за извршување на меѓународната должност,
- доколку на крајот од постапката, предложениот кандидат не ги исполнува условите и безбедносните критериуми поврзани со должноста на која се упатува,

- се утврди повреда на постапката за избор и упатување на лица на меѓународна должност, и
- по дополнителни проверки утврди дека некој од предложените кандидати отстапува од профилот на персонал кој треба да биде упатен на меѓународната должност.

## III. ПОДГОТОВКА ЗА УПАТУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТ

Член 14

Организационата единица во Министерството надлежна за меѓународна соработка ги координира активностите со другите организациони единици во Министерството за одбрана и со Министерството за надворешни работи, во насока на навремено издавање на потребните акредитиви, согласности и нотификации, како и потребната документација за утврдување на дипломатскиот статус на избраните лица за упатување на меѓународна должност.

Член 15

Избраното лице за упатување на меѓународна должност се подготвува за извршување на должноста односно работите на кои се упатува, врз основа на интерната процедура и Планот за подготовка, кој го изработува организационата единица во Министерството надлежна за меѓународна соработка.

Планот за подготовка од став 1 на овој член, покрај подготовките во организационите единици во Министерството и Армијата, задолжително вклучува и подготовки и обуки во други државни органи и тоа: Министерството за надворешни работи, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и други, во согласност со барањата и специфичностите на должноста.

Подготовките за упатување на лицето на должност во странство и на територијата на Републиката траат најмногу 90 (деведесет) дена.

Член 16

По завршените подготовки за упатување на лицето на должност во странство и на територијата на Републиката и добивањето на согласност од државата на прием, министерот за одбрана донесува решение за упатување, кое ги содржи: време на упатување на должноста, времетраење на мандатот, односно упатувањето, како и други прашања од значење за вршење на должноста на која лицето се упатува.

Решението од став 1 на овој член, се објавува на веб страната на Министерството, на огласната табла на Министерството и Армијата и се доставува до пријавените кандидати и до организационите единици кои имаат обврски во процесот на подготовките и упатувањето.

Датумот на упатување не може да го надмине датумот кога истекуваат 60 (шеесет)дена од денот на донесување на решението од став 1 на овој член, односно од денот на објавувањето на Указот за поставување на должност во „Службен весник на Република Северна Македонија", во спротивно постапката за избор и упатување се повторува.

Член 17

Во согласност со државата на приемот, одбранбените аташеа и воените претставници во НАТО, ЕУ и ОБСЕ може да добијат проширена акредитација за извршување на должности во една или во повеќе држави, односно организации.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА

Член 18

Лицето кое се упатува на меѓународна должност, како и членовите на неговото семејството, се должни пред заминувањето на должноста да ги извршат потребните здравствени прегледи и подготовки (прегледи, вакцинации и друго.) во овластена медицинска установа која соработува со Фондот за здравствено осигурување, заради издавање на лекарско уверение и соодветна медицинска експертиза.

Организационата единица на Министерството надлежна за управување со човечки ресурси, преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, го регулира здравственото осигурување во земјата каде што лицето се упатува на должност.

По исклучок на став 2 од овој член, Министерството за одбрана преку организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси, склучува договор за здравствено осигурување за лицето кое се упатува на меѓународна должност како и за членовите на неговото семејството.

Трошоците за здравствените прегледи и подготовките за упатување се на товар на Министерството.

Лицата кои се упатуваат на меѓународна должност во земји со кои Фондот за здравствено осигурување нема склучено договор за соработка, здравственото осигурување го регулираат во земјата на прием во координација со надлежното дипломатско-конзуларнопретставништво на Републиката.

Член 19

За време на извршување на должностите надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, лицето е должно покрај законите на Република Северна Македонија, да ги почитува прописите на однесување на земјата домаќин, односно организацијата во чиј состав ја извршува должноста односно работата.

Член 20

Лицето упатено на меѓународна должност ги извршува работните задачи согласно плановите за работа на Министерството, Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО, командните структури на НАТО, дипломатско конзуларните претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации, а согласно насоките односно инструкциите кои ги добива од Министерството, Генералштабот на Армијата и надлежниот амбасадор.

Член 21

Лицето упатено на меѓународна должност доставува редовни информации и извештаи за својата работа до претпоставената организациона единица во Министерството или Генералштабот на Армијата и по сопствена проценка или на барање до други организациони единици, Кабинетот на министерот за одбрана и началникот на Генералштабот на Армијата.

## V. ВРАЌАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ

Член 22

Лицето упатено на меѓународна должност е должно не подоцна од 90 (деведесет) дена пред истекот на мандатот да ги започне подготовките за враќање од должноста.
Министерот за одбрана донесува решение за враќање од работа на лицето упатено на должност, најдоцна 60 (шеесет) дена пред неговото враќање.

## VI. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА

Член 23

Министерот за одбрана може да донесе одлука и решение за продолжување на извршување на должноста на лицето упатено на меѓународна должност, заради потребите на службата и во други исклучителни случаи.
Максимален период на продолжување на извршување на должноста на лицето упатено на меѓународна должност, е до една година.

## VII. ПРЕДВРЕМЕНО ВРАЌАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ

Член 24

Времетраењето на вршењето на должноста на лицето упатено на меѓународна должност може да биде и пократко од четири години, во следниве случаи:

- ако достави лично барање за предвремено враќање, најмалку три месеци пред враќањето,
- ако низ процесот на оценување или од непосредно претпоставените, се утврдат незадоволителни резултати во извршувањето на должноста односно работата,
- ако од Министерството, Генералштабот на Армијата или од соодветно претставништво на Република Северна Македонија во друга држава, меѓународна мисија и организација, тоа го побара надлежен орган на државата или авторитет на мисијата, меѓународната организација, командата, штаботи воената единицаво странство или на територијата на Републиката во чии состав е лицето,
- ако лицето се прогласи за „PERSONA NON GRATA“ во земјата на прием,
- поради заминување на друга должност,
- ако е осудено за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку шест месеци, и
- ако престане да ги исполнува условите неопходни за конкретната меѓународна позиција.

Иницијатива за враќање на лицето од став 1 на овој член, може да даде Претседателот на Република Северна Македонија, министерот за одбрана или началникот на Генералштабот на Армијата.
За донесената одлука за предвремено враќање од извршување на должноста лицето се известува веднаш, а враќањето се организира во најкус можен рок.
Решение за предвремено враќање од должност донесува министерот за одбрана.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

За правата и обврските, должностите и одговорностите, одморите и отсуствата и другите односи во службата на воениот и цивилниот персонал на Армијата и вработените во Министерството, за времето на извршување на должноста надвор од територијата на Републиката или на територијата на Републиката, се применуваат одредбите од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, Законот за административните службеници, позаконските акти донесени врз основа на овие закони и Колективниот договор на Министерството за одбрана.

Член 26

Со денот на влегувањето на сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за упатување на лица на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр. 01-4001/1 од 06.08.2014 година, бр.01-1187/1 од 16.02.2015 година и бр. 02-2822/1 од 12.06.2020 година.

Започнатите постапки за избор и подготовка за упатување на должност во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународните организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката, пред влегување во сила на овој правилник ќе се спроведат согласно одредбите од Правилникот за упатување на лица на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр. 01-4001/1 од 06.08.2014 година, бр.01-1187/1 од 16.02.2015 година и бр. 02-2822/1 од 12.06.2020 година.

Член 27

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-1539/1
11-03-2021 2021 год
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска